ПРВ БАЛКАНСКИ КОНГРЕС ЗА ИСТОРИЈА НА МЕДИЦИНАТА

FIRST BALKANS CONGRESS FOR HISTORY OF MEDICINE

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ

# BOOK OF ABSTRACTS

ОХРИД 23-25 ОКТОМВРИ, 2003

OHRID 23-25 OCTOBER 2003

Рајчановска-Тодоровска Д., Дуковска Б. (Битола, Македонија)

**Здравствената заштита на децата во Домот за доенчиња и мали деца во Битола**

Домот за доенчиња и мали деца во Битола е основан на 08.08.1950 година со основна дејност згрижување, воспитување, нега, исхрана, здравствена заштита и стимулација на деца од 0-3 возраст без родители и без родителска грижа, како и бремени мајки еден месец пред породување. Во текот на 53 годишнсто постоење Домот за доенчиња и мали деца еволуира од индивидуална куќа со капацитет од 20 кревети до современ архитектонско функционален објект кој ги задоволува сите норми и стандарди за сместување на децата со капацитет од 110 кревети. Здравствената заштита опфаќа превентивни и куративни мерки со цел превентирање, рано откривање и третман на болести и конгенитални аномалии, правилна нега, исхрана и стимулација на децата.

За цело време од постоењето на Домот, здравствената заштита ја спроведуваат лекари вработени во Медицински центар - Битола и тоа во првите години лекар-педијатар кој работел хонорарно 2-3 часа дневно. Од 1980 година во Домот работи лекар со општа пракса со полно работно време а од 1990 година работат двајца лекари во две смени. Во 1995 година доаѓа педијатар со полно работно време и

заедно со двата општи лекари пружаат комплетна здравствена заштита во две смени, викенди и празници. Од 1999 година здравствената служба се комплетира со уште еден педијатар, а од 2002 година до денес работат двајца педијатри во две смени.

Педијатрите се вклучени во тимска работа со социјален работник, психолог, педагог и воспитувачи со што се обезбедуваат оптимални услови за нормален раст и развој на децата и нивна успешна адаптација надвор од установата.

Rajchanovska-Todorovska D., Dukovska B. (Macedonia)

**Health care of the children of Home of orphans in Bitola**

The facility for infants and small children in Bitola is founded on August 8th, 1950 and is concentrated on activities such as protection, education, treatment, nutrition, health care and stimulation of children aged from 0 to 3, parentless children as well as pregnant women a month before giving birth. During 53 years of existence this facility has evolved from individual house with capacity of 20 beds to modern architectural and functional object that fulfills all norms and standards for accommodating children with capacity od 100 beds. The health care includes preventive and curative measures in terms of preventing, early detection and treatment of diseases and congenital anomalies, regular care, feeding and stimulating children. For the whole time health care is performed by physicians employed at the Medical Center - Bitola. This started with pediatritian who worked part time job 2-3 hours a day. In 1980 a physician started working a full time job, and since 1990 there are two physicians working separately in two shifts. In 1995 arrives a pediatritian working a full time job and together with the two physicians mentioned above gives a complete health care in two shifts, weekends and holidays. In 1999 the internal health care service has upgraded to a pediatritian more and since 2002 two pediatritians have been working in two shifts.

The pediatritian work in team with a social worker, psychologist, pedagogue and an educator so optimal conditions for normal growth and development of children is achieved as well as successful adaptation outside this facility.

Пауновиќ П. (Србија и Црна Гора)

**Превентивно-медицински установи на подрачјето на Тимочката краина и нивната работа после Втората светска војна**

Во ова дело авторот пишува за превентивните здравствени институции на територијата на Тимочка Краина по Втората Светска Војна. Тој зборува за санитарно-епидемиолошките состојби и Заводот за Хигиена во Заечар, Заводот за Хигиена во Неготин и здравствените кооперативи во Злот и Кобисница. Тиа дале голем придонес во борбата против заразните заболувања, за заштита на народното